ДРУШТВО НА ФИЗИЧАРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, јуни 2022

# ПРОГРАМА ЗА 64 РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР ПО ФИЗИКА

# ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

**(сабота, 4 јуни 2022 година)**

| | |
|---|---|
| 9.00 - 9.30 | **Пристигнување на натпреварувачите и менторите** |
| 9.30 - 9.35 | Отворање на натпреварот |
| 9.35 - 9.50 | Сместување на натпреварувачите во просториите на ПМФ |
| 9.50 - 10.00 | Секој натпреварувач добива тетратка со прикачен коверт и лист со задачи |
| 10.00 - 12.00 | Натпревар |
| 12.00 - 15.00* | Слободни активности |
| 15.00* | Соопштување на првични резултати (само бодови според шифра) |
| 15.00 - 16.00* | Примање на приговори |
| 17.00* | Објавување на листа со конечни резултати (име и презиме, училиште, ментор, бодови) |

**Забелешка**:

*Времето за работа на комисијата и соопштување на првичните резултати, поднесување на прговори и истакнување на листа со конечни резултати може да биде различно од наведеното.

Конечните резултати се соопштуваат на денот на натпреварот, а на web страната на ДФРМ ќе бидат објавени во текот на следните три работни дена.

ДФРМ

# ВОДИЧ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

**Пред почеток на натпреварот**

- **Бидете во дворот на Природно-математичкиот факултет, најмалку 30 минути пред почеток на натпреварот.**
- **На тетратката и на ковертот** ја запишувате само **вашата шифра и одд. (VIII или IX одделение).**
- Вашата шифра содржи најмногу **8 знаци (само букви и бројки).**
- На ливчето што е во ковертот ги запишувате сите податоци, ливчето го враќате во ковертот и истиот го затворате.

  **На ливчето пишувајте читко со печатни букви**. Овие податоци се потребни за Вашите дипломи/сертификати и дипломите/сертификати на менторите.

**Поднесување на приговор**

- Доколку сметате дека треба да поднесете приговор, добро проучете ги решенијата на задачите кои после 12.00 часот ќе бидат објавени на видно место.
- На ливчето за приговори ги запишувате потребните податоци (шифра, одделение, задача/задачи за која се приговара и кратко објаснување за причината за приговарање) и истото го ставате во кутијата за приговори.
- Приговори со непотполни информации не се разгледуваат.
- По повторното прегледување на задачата комисијата може да го потврди приговорот и со тоа да додели повеќе поени, да го одбие и да не го промени бројот на поените или пак да го намали бројот на дадени поени. Одговорот на комисијата е конечен и по тој приговор не може да се доставуваат дополнителни приговори.

Ви посакуваме успех

ДФРМ